**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог закон за прогласување на пештерата Слатински Извор за заштитено подрачје |
| Министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Васил Анастасовски, раководител на Секторот за природа при Управата за животна средина |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 30 Септември 2009 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема поврзаност со ЕУ директиви |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?
    - загрозување на зоолошките особености на објектот на природата
    - загрозување подземните карсни форми.
2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

   ***Опција 1:*** Не прави ништо.

   ***Опција 2:*** Донесување на Законот за прогласување на пештерата Слатински Извор за заштитено подрачје и поставување на заштитна врата.

   ***Опција 3:*** Донесување на Законот за прогласување на пештерата Слатински Извор за заштитено подрачје и определување на субјект за управување со локалитетот.

1. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   А. Органи на државната и локалната власт:
    - Министерство за животна средина и просторно планирање,

- Општина Македонски Брод .

Б. Јавноста:

- Граѓаните,
- НВО

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   - степен на загрозеност на зоолошките особености на објектот на природата,
   - степен на загрозеност на подземните карсни форми,
   - податоци за природните вредности на Пештерата Слатински Извор.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   - Нема потреба од дополнителни информаци.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   - За овој предлог закон ќе се спроведуваа иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

- Нема да се формира меѓуресорска работна група, спроведувањето на ПВР ќе прави од страна на вработените во Министерството за животна средина и просторно планирање.